ЈП "Стрежево" Битола

# *ИДЕЕН ПРОЕКТ*

## Спортско - рекреативен комплекс “Довлеџик”

***Вовед:***

Во северозападниот дел на градот, на самиот влез во Битола, пред 20 години, беше отворен **спортско-рекреативен комплекс "Довлеџик"**. Во рамките на комплексот се појавуваа следните содржини: отворен базен, мал детски базен, ресторан, шанкови, спортски терени за кошарка и мал фудбал,тениски игралишта, зелени површини, пратечки и помошни објекти во простор на ЈП Стрежево.

Изградениот отворен базен со површина од 7.756 $м^2$ претставува дел од хидросистемот Стрежево во улога на помошен резервоар за вода, односно компезационен базен каде се задржува вишокот на технолошката вода и по потреба се користи за нормална работа на системот за наводнување.

Во текот на годините, интересот за содржините во комплексот од страна на граѓаните се намалуваше, поради неквалитетните и несоодветните услуги, застарените можности на комплексот и лошата организација, се до нивно комплетно престанување со работа.

Новиот раководен тим на Стрежево одлучи да ги активира сите капацитети кои претпријатието ги поседува, воедно и комплексот со отворениот базен Довлеџик. Имено замислата е спортско рекреативниот комплекс "Довлеџик" и објектите во него да се преуредат, модернизираат, преадаптираат и доизградат нови содржини, со цел да се изведи нов современ спортско рекреативен и забавен комплекс за користење од страна на граѓаните.

Новите содржини на спортско-рекреативниот комплекс "Довлеџик" ќе овозможат дружење, рекреирање и забава, подигање на можностите за спортување на различни видови на водени и други спортови.

Новиот комплекс ќе биде дизајниран по најнови современи стандарди, за потребите и желбите на сите генерации на корисници. летна атракција за градот и околината.

Постоечките објекти во комплексот ќе бидат реконструирани, во согласност со потребните стандарди, безбедни и сигурни за користење адаптирани на новите потреби, Постоечките пристапи и паркинзи ќе се задржат и ќе бидат проширени. Комплексот ќе биде прописно ограден, осветлен и опремен со потребната инфраструктура.

Во новиот комплекс се планираат различни содржини за рекреирање, релаксирање и спортување поделени на два дела. Првиот дел ги опфаќа веќе постоечките содржини на **отворениот базен** и е дополнет со нови:

- репрезентативен влез,
- билетара,
- ресторан,
- отворен базен,
- детско катче,
- мини голф,
- пинг понг клуб,
- игралиште за одбојка,
- амфитеатар со летна сцена,
- кафе-барови.

Вториот дел е **Водениот парк** со сите нови содржини што ги нуди:

- тобогани,
- Multi Slides,
- Мрзлива река,
- базен со бранови,
- детски базен,

- простор за релаксација,
- карпа за качување,
- барови за храна и пијалоци.

Пратечки и помошни објекти за ваков тип на комплекси, како:

- санитарни јазли,
- тушеви,
- гардероби,
- лежалки,
- пунктови за прва помош,
- простор за реквизити,
- инфо точки,
- стандардизирани машински подземни простории и современ систем за филтрација на водата.

Новопредвидениот спортско-рекреативен комплекс ќе овозможи нови работни места, за лица кои ќе бидат ангажирани во угостителските објекти, кафе-баровите и ресторанот. Ќе има редарска служба и медицински лица за давање итна помош.

## ОТВОРЕН БАЗЕН

Влезот е потенциран со репрезентативен дел и автоматизиран преку електронско следење на бројот на посетителите кој го посетиле паркот. Билетарата, инфо просториите, гардеробите и санитариите се на самиот влез. Во продолжение на старото место целосно реновиран и збогатен со нови содржини: мини голф клуб и детско катче е поставен **Ресторанот** со капцитет од 220 гости на летната тераса и 200 гости во затворениот дел.

**Детското катче,** специјално изграден за најмлади гости, инспирирано од децата и создаден за грижа за нив вклучува: игралиште , водено игралиште, детски лавиринт од зелена ограда и детски замок во центарот на лавиринтот кој е целиот насликан со карактери од бајките. Исто така ќе има програма со различни активности во текот на денот, куклена претстава, разни натпревари и игри. Детското катче им ја нуди можноста на родителите да уживаат во своето слободно време во ресторанот или покрај базенот.

**Базенот** со површина од 7 756 м$^2$ должина 166м и ширина 60м претставува најголем отворен базен во Општина Битола и поширокиот регион во Р. Македонија. Со ваков отворен базен во нашиот град, би можел да се зголеми летниот туризам како и да се подобрат водените спортови. Место каде децата ќе тренираат и соодветен базен за натпревари за пливање. Со новопредвидениот современ систем за филтрација на водата, промена на подлогата во базенот и околната бетонска плажа ќе бидат создадени услови за користење на базенот во сите сончеви денови како летна туристичка атракција.

**Амфитеатарот** со капацитет за 1200 посетители и летната сцена во вода ќе биде ново урбано место во нашиот град каде ќе се одржуваат различни културни манифестации, Битфест, Битолско културно лето, концерти, детски фестивали.... кои ќе допринесата за развивање на урбано културно живеење .

**Мини голфот** е единствена ваква атракција во нашиот град. На површина од 772м$^2$ со 13 терени за игра, кои се уникатни и посебно дизајнирани, им нуди на посетителите забавни

активности на секој нареден чекор. Мини голфот е предизвик за сите возрасти. Во состав на клубот за мини голф ќе бидат организирани и курсеви и забави со малку поинаков изглед.

## АКВА ПАРК

**Аква паркот** е со површина од 5 000 $м^2$ во спортско-рекреативен комплекс "Довлеџик" е прв проект за воден парк во Битола. Аква паркот ќе понуди уникатна забава со бројните атракции, места за релаксација и професионални анимации во одреден дел од денот кои ќе го дадат завршниот изглед на севкупниот концепт на паркот, во кој сите - од најмладите до постарите, може да го најдат своето незаборавно доживување.
Во рамките на аква паркот ќе функционираат еден бар за кафе и пијалоци и два објекти за храна snack bar и fast food кои истовремено ги опслужуваат и посетителите на отворениот базен и неговата плажа. Овие барови ќе можат да опслужат вкупно 160 гости, а целиот комплекс ќе може да прими најмногу 1 000 посетители.

**Мрзливата река** ќе им даде можност на посетителите да уживаат во релаксирачко патување на индивидуални сплавови-гуми. По течението на реката се среќаваат водени завеси, пешачки дрвени мостови, карпи, водопади, зелени површини. Мрзливата река кружи околу **островот на Пиратите** за релаксација и забава со најмладите околу детскиот базен, кој ќе ве подсети на авантурите на пиратите.

**Детскиот Пиратски базен** е магија на радост и авантура со пиратски брод со различни лизгалки и реквизити за најмладите. Предвидено е професионални аниматори да ги забавуваат гостите секој ден со различни активности: танцување, танц часови, различни шоу програми, пиратско шоу, козметички салони (тетоважи, коса стилови), игри со публиката, аеробик во вода. За оние кои секогаш бараат нешто различно и поголем предизвик, ќе има обезбеден **ѕид за качување**.

**Кулата за тобогани и muli slides** го претставува светот на маите тематски организирана содржина за оние кои сакаат повеќе адреналин. Најголемиот тобоган е долг 45 метри и е со висина од 15 метри. Посебно предизвикува внимание затворениот тобоган и високо-брзински тобоган splashdown.

**Базенот со бранови** со длабочина до 2 метри на најдлабоката точка, прави бранови до 1,5 метри во височина. Различните видови бранови, различни искуства за сите корисници и погоден за целото семејство. Брановите се повторуваат: еден циклус со десет минутна пауза помеѓу, додека посетителите уживаат во своите сплавови-гуми.

Уште еден **детски базен**, е предвиден покрај базенот со бранови, водено игралиште кое содржи мрежи и јажиња, лизгалки, мостови за качување, водени топови и печурки со водопади.

Раскошната вегетација, прекрасните бои на цвеќиња, зелените огради и дрва создаваат вистинска бајка. Спортско-рекреативен комплекс "Довлеџик" фасцинантен град - градина на водени задоволства, каде што авантурите никогаш не завршуваат.



| | |
|---|---|
| | ТРЕВНА ПОВРШИНА |
| | ПЛОЧКИ |
| | ТЕРКАКОТНИ ПЛОЧКИ |
| | КОШУЛКА СО ЦРН СЈАЈ СО ДИЛАТАЦИОНИ ФУГИ |
| | ПОДЗЕМНИ МАШИНСКИ ОДДЕЛЕНИЈА |
| | ДРВЕН ПОД |
| | ПЕСОК |
| | ПЛОЧКИ |
| | ПАРКИНГ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ |
| | ТУШЕВИ |
| | КЛУПИ |
| | ВИСОКО ЗЕЛЕНИЛО |
| | НИСКО ЗЕЛЕНИЛО |
| | ЗЕЛЕНА ОГРАДА |

ГЛАВЕН ВЛЕЗ

ЕКОНОМСКИ ВЛЕЗ

ПОМОШЕН ВЛЕЗ

ГЛАВЕН ВЛЕЗ-ИЗЛЕЗ ОД АКВА ПАРК

ПОМОШЕН ВЛЕЗ-ИЗЛЕЗ ОД АКВА ПАРК

| ЛЕГЕНДА | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | ПАРКИНГ | 26 | БАР ЗА ПИЈАЛОЦИ И ХРАНА |
| 2 | БИЛЕТАРА | 27 | МАЛ БАЗЕН ЗА MULTI SLIDES |
| 3 | ТОАЛЕТИ | 28 | МАЛ БАЗЕН ЗА ТОБОГАНИ |
| 4 | ГАРДЕРОБИ И ТУШЕВИ | 29 | MULTI SLIDES |
| 5 | РЕСТОРАН | 30 | ТОБОГАНИ |
| 6 | ТЕРАСА НА РЕСТОРАН | 31 | КУЛА ЗА MULTI SLIDES |
| 7 | ДЕТСКО КАТЧЕ | 32 | МАШИНСКО ОДЕЛЕНИЕ ЗА БАЗЕНИ СО ТОБОГАНИ |
| 8 | ДЕТСКИ ЛАВИРИНТ СО ЗАМОК | 33 | ДЕТСКИ БАЗЕН |
| 9 | ЕКОНОМСКИ ДЕЛ НА РЕСТОРАНОТ | 34 | ТЕРАСА |
| 10 | МИНИ ГОЛФ | 35 | БАЗЕН СО БРАНОВИ |
| 11 | АМФИТЕАТАР | 36 | МАШИНСКО ОДЕЛЕНИЕ ЗА БАЗЕН СО БРАНОВИ |
| 12 | СЦЕНА | 37 | ПЕШАЧКИ МОСТ |
| 13 | БАЗЕН | 38 | БАВНА РЕКА |
| 14 | ПЛАЖА СО ЛЕЖАЛКИ | 39 | ВОДЕНИ ПРСТЕНИ |
| 15 | ПРВА ПОМОШ ПУНКТОВИ | 40 | БАЗЕН ЗА ДЕЦА ОСТРОВОТ НА ПИРАТИТЕ |
| 16 | БАР ЗА ПИЈАЛОЦИ И ХРАНА | 41 | МАШИНСКО ОДЕЛЕНИЕ ЗА БАВНА РЕКА |
| 17 | ТОАЛЕТИ | 42 | ПУНКТ ЗА ИНФОРМАЦИИ И РЕКВИЗИТИ |
| 18 | ГАРДЕРОБИ И ТУШЕВИ | 43 | ЛЕЖАЛКИ |
| 19 | МЕСТО ЗА ОДМОР И ХРАНА | 44 | МАШИНСКО ОДЕЛЕНИЕ ЗА ГОЛЕМ БАЗЕН |
| 20 | КАФЕ БАР | 45 | ТОАЛЕТИ |
| 21 | SNACK BAR | 46 | ТУШЕВИ |
| 22 | FAST FOOD | 47 | ГАРДЕРОБИ |
| 23 | ГАРДЕРОБИ И ТУШЕВИ | 48 | ЅИД ЗА КАЧУВАЊЕ |
| 24 | ПРОСТОРИЈА ЗА РЕКВИЗИТИ | 49 | ПИНГ ПОНГ |
| 25 | ПРОСТОРИЈА ЗА ВРАБОТЕНИ | 50 | ТЕРЕН ЗА ОДБОЈКА |


ЛЕГЕНДА
1 ПАРКИНГ
2 БИЛЕТАРА
3 ТОАЛЕТИ
4 ГАРДЕРОБИ И ТУШЕВИ
5 РЕСТОРАН
6 ТЕРАСА НА РЕСТОРАН
7 ДЕТСКО КАТЧЕ
8 ДЕТСКИ ЛАВИРИНТ СО ЗАМОК
9 ЕКОНОМСКИ ДЕЛ НА РЕСТОРАНОТ
10 МИНИ ГОЛФ
11 ИНФО И РЕКВИЗИТИ ЗА МИНИ ГОЛФ
12 ВОДЕНО ИГРАЛИШТЕ
ГЛАВЕН ВЛЕЗ
ЕКОНОМСКИ ВЛЕЗ
ВЛЕЗ ВО МИНИ ГОЛФ



| | ЛЕГЕНДА |
|---|---|
| 21 | SNACK BAR |
| 22 | FAST FOOD |
| 23 | ГАРДЕРОБИ И ТУШЕВИ |
| 24 | ПРОСТОРИЈА ЗА РЕКВИЗИТИ |
| 25 | ПРОСТОРИЈА ЗА ВРАБОТЕНИ |
| 26 | БАР ЗА ПИЈАЛОЦИ И ХРАНА |
| 27 | МАЛ БАЗЕН ЗА MULTI SLIDES |
| 28 | МАЛ БАЗЕН ЗА ТОБОГАНИ |
| 29 | MULTI SLIDES |
| 30 | ТОБОГАНИ |
| 31 | КУЛА ЗА MULTI SLIDES |
| 32 | МАШИНСКО ОДЕЛЕНИЕ ЗА БАЗЕНИ СО ТОБОГАНИ |
| 33 | ДЕТСКИ БАЗЕН |
| 34 | ТЕРАСА СО ЛЕЖАЛКИ |
| 35 | БАЗЕН СО БРАНОВИ |
| 36 | МАШИНСКО ОДЕЛЕНИЕ ЗА БАЗЕН СО БРАНОВИ |
| 37 | ПЕШАЧКИ МОСТ |
| 38 | БАВНА РЕКА |
| 39 | ВОДЕНИ ПРСТЕНИ |
| 40 | БАЗЕН ЗА ДЕЦА ОСТРОВОТ НА ПИРАТИТЕ |
| 41 | МАШИНСКО ОДЕЛЕНИЕ ЗА БАВНА РЕКА |
| 42 | ИНФОРМАЦИИ И РЕКВИЗИТИ |
| 43 | ЛЕЖАЛКИ |
| 44 | МАШИНСКО ОДЕЛЕНИЕ ЗА ГОЛЕМ БАЗЕН |
| 45 | ТОАЛЕТИ |
| 46 | ТУШЕВИ |
| 47 | ГАРДЕРОБИ |
| 48 | ЅИД ЗА КАЧУВАЊЕ |